# Политика за директен маркетинг

Оваа политика објаснува како Приватна здравствена установа дијагностичка биохемиска лабораторија, микробилошка лабораторија и лабораторија по молекуларна дијагностика БИОТЕК ЛАБОРАТОРИЈА Скопје (во натамошниот текст: Биотек) може да ги користи вашите лични податоци за цели на директен маркетинг.

## ШТО Е ДИРЕКТЕН МАРКЕТИНГ?

Директен маркетинг е рекламирање кое е насочено кон конкретни физички лица, за разлика од рекламите на билборди, во весниците, преку радио или телевизија, кои се однесуваат на група на физички лица кои ќе ги прочитаат или слушнат.

Обработката на лични податоци за цели на директен маркетинг кој вклучува и профилирање до оној степен до кој истото е поврзано со директниот маркетинг е дозволена само доколку личните податоци се обработуваат по претходна изречна согласност на субјектот на личните податоци согласно со членот 11 од Законот за заштита на личните податоци.

## КАКО ГО КОРИСТИМЕ ДИРЕКТНИОТ МАРКЕТИНГ

Биотек може користи директен маркетинг преку е-маил, смс или Вибер. Ние не спроведуваме директен маркетинг усно преку телефон или по пошта.
Биотек спроведува политика на избор (opt-in) со која секој што сака да добие директен маркетинг од нас може да се регистрира на нашата веб страница или да даде писмена или усна согласност на вработените во лабораториите на Биотек. Биотек не се „потпира“ на легитимниот интерес за да испраќа директен маркетинг на своите клиенти.

## КАКОВ ДИРЕКТЕН МАРКЕТИНГ ИСПРАЌАМЕ

Директен маркетинг што може да ви го испрати Биотек, вклучува месечен билтен кој содржи информации за нови производи и услуги, специјални понуди, промоции, огласи и попусти.
Биотек може да ви испрати информации за нови производи и услуги, специјални понуди, промоции, настани и огласи во форма на е-маил, смс и Вибер пораки.

## КАКО ДА ГИ ДОБИЕТЕ ОВИЕ ИНФОРМАЦИИ

Секој што сака да ги добие овие информации ќе може да ни даде изречна согласност за директен маркетинг на еден од следниве начини:

- Лично при прием во Биотек
- Електронски преку веб страната на Биотек

За добивање на известувања преку е-маил, смс и Вибер се запишува вашето име, е-маил адреса, мобилниот број и IP адресата, заедно со датумот на регистрација. Следејќи ги одредбите на Законот за заштита на личните податоци, Биотек може во секое време да докаже дека добил валидна согласност и води евиденција за тоа кој се согласил, кога, како и за што.

**КАКО ДА ПРЕСТАНЕТЕ ДА ГИ ДОБИВАТЕ ОВИЕ ИНФОРМАЦИИ**

Можете да ја повлечете својата согласност во секое време и да приговарате во кое било време за обработка на вашите лични податоци за цели на директен маркетинг. Истата може да се повлече со пополнување на Барање за повлекување на согласност достапна во просториите на Биотек и објавена на веб страната на Биотек и испраќање на барањето на емаил адресата laboratorija@bioteklab.com.mk

Со повлекување на вашата согласност Биотек ќе ги избриши во целост вашите податоци во рок од 30 работен ден од збирката на личните податоци за директен маркетинг.

Субјектот на лични податоци има право да ја повлече согласноста во секое време. Повлекувањето на согласноста не влијае на законитоста на обработката, заснована на дадена согласност пред нејзиното повлекување. Пред да даде согласност, субјектот на лични податоци се информира за тоа, а повлекувањето на согласноста мора да биде еднакво едноставно, како и нејзиното давање.

**КАКО БИОТЕК ПОСТАПУВА СО ВАШИТЕ ПОДАТОЦИ**

Биотек постапува со личните податоци на транспарентен начин:

- Називот и деталите за компанијата се вклучени кога се праќаат маркетинг активности преку е-маил, смс и Вибер; и
- На корисниците на веб страницата им е дадена јасна и лесно разбирлива политика за приватност и се информирани за нивните права како субјекти на лични податоци.
- Биотек ја гарантира безбедноста и точноста на збирката на личните податоци за директен маркетинг:
- Личните податоци се користат само за цели на директен маркетинг и цели за кои е дадена согласнот;
- Веродостојноста на збирката на лични податоци за директен маркетинг се проценува преку земање и проверка на случајни примероци;

- Се бришат сите ирелевантни или преобемни лични податоци;
- Вработените кои се овластени да обработуваат лични податоци за цели на директен маркетинг се обучени да ги почитуваат и имплементираат барањата од Законот за заштита на личните податоци; и
- Биотек има донесено процедура за постапување со неточни и неажурни лични податоци и поплаки/приговори.

## РАЗМЕНА НА ПОДАТОЦИ

Биотек не продава, разменува или споделува лични податоци и информации за своите клиенти со трети лица за цели на директен маркетинг, освен со обработувачите кога е потребно за да ги обезбедат услуги на Биотек за цели на директен маркетинг. Со сите обработувачи Биотек има склучено договори согласно одредбите од Законот за заштита на личните податоци и во согласност со оваа политика за директен маркетинг.

Повеќе информации можете да најдете во Политиката за приватност на Биотек.

## ПОЛИТИКА ЗА ПРИВАТНОСТ НА БИОТЕК

Покрај оваа политика за директен маркетинг, Биотек има донесено и објавено посебна Политика за приватност во која се наведени детални информации за тоа како ја штитиме вашата приватност и како ги чуваме вашите лични податоци безбедни.

| Изработил: | Проверил/Одобрил: | Датум на употреба: |
|---|---|---|
| Емилија Анѓелкоска | Анкица Синадинова Базерко | 01.02.2024 |